*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-193/1*
*04.10.2012 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 16 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 04.10.2012 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за доделување титула професор емеритус (professor emeritus) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

1. На д-р Тодор Кралев му се доделува титула професор емеритус (professor emeritus) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на високообразовната дејност во Република Македонија.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула да се официјализира на 08.10.2012 година на Свечена седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за претприемачки бизнис, на седницата одржана на 04.10.2012 година, ценејќи го неговиот досегашен богат и разновиден професионален ангажман и придонес за развој на високото образование и науката во Република Македонија што се состои особено во следнотите активности (асистент на Машинскиот факултет во Белград (1971-1972) и на Економскиот институт во Скопје (1973–1974), наставник на Машинскиот и на Електротехничкиот факултет во Скопје од 1975 година, ангажиран наставник и на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и на Економските факултети во Штип и Скопје, наставник на постдипломските студии на Машинскиот факултет и на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања Скопје, иницијатор за отворање на Интердисциплинарните студии по заштита при работа и долгогодишен декан на овие студии, иницијатор за отворање на Интердисциплинарните студии по инженерство на животната средина и декан на тие студиите. видлив придонес при иницијативата и конципирањето на насоката за индустриско инженерство и менаџмент

на Машинскиот факултет во Скопје, наставник на студии од втор циклус на неколку приватни Универзитети во Република Македонија, автор на 192 научни, научно-стручни и стручни трудови, објавени во релавантни домашни и меѓународни списанија, добитник на награда (1983 година) од Стопанската комора на Белград во знак на признание за докторската дисертација одбранета на Машинскиот факултет во Белград, добитник на наградата „Гоце Делчев“ (1993 година) како општествено признание за особено значајни остварувања од интерес за Републиката од областа на науката, за трудот „Индустриски менаџмент“ I и II дел, редовен професор на Факултетот за туризам, а сега Универзитет за туризам и менаџмент, (од 2007 година до денес), по предметите основи на менаџментот, современ менаџмент, оперативен менаџмент, претприемаштво и деловна логистика и проректор за наука и развој на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје), донесе одлука како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот професор;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски